РУДНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРНИЦА
„УСЛУГИ" Акционерско друштво
Бр. 0102-862/1
06.04 2023 год.
СКОПЈЕ

**РЖ УСЛУГИ АД – Скопје**

# И З В Е Ш Т А Ј

НА РАБОТЕЊЕТО НА СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
ЗА 2022 ГОДИНА

Листа на дистрибуција

1. Одбор на директори

Април 2023

СОДРЖИНА:

1. Извештај за реализација на планот за ревизија .........

1.1. Вовед ...........................................................

2. Отпис на извршени ревизии .....................................

2.1. Редовни ревизии ...........................................

2.1.1. Циклус на реализација ........................................

2.1.2. Пресметка на плати и надоместоци од плати

2.2. Развој на вработените

2.2.1. Вработувања/напуштања

2.3. Специјална ревизија

3. Преглед на значајни ревизорски наоди

3.1. Преглед на значајни ревизорски наоди за оперативни ревизии

4. Оцена на адекватноста и ефикасноста на системите

5. Забелешка

6. Мислење

1. **Извештај за реализација на планот за ревизија за 2022 година**

**1.1. Вовед**

Службата за внатрешна ревизија на друштвото поднесува годишен извештај за нејзиното работење во 2022година.

Извештајот за работењето на внатрешна ревизија согласно одредбите ги содржи следните информации:

- Опис на извршените ревизии;
- Наоди и дадени препораки за надминување на идентификуваните слабости, статус и степен на имплементација на препораките;
- Останати активности на внатрешна ревизија во текот на овој период;
- Реализација на поставените цели со годишниот план за работа на службата за внатрешна ревизија и
- Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола.

Во тек на извршување на своите активности, главна цел на внатрешната ревизија беше да обезбеди независна оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола во друштвото.

2. **Опис на извршени ревизии**

**2.1. Редовни ревизии**

Во текот на 2022година службата за внатрешна ревизија ги реализираше активностите согласно планот на работењето на внатрешна ревизија за 2022 година, кој се базираше на оценката на степенот на ризичност, значење на областа која се ревидира и временски интервал.

При тоа се настојуваше да бидат контролирани сите организациски делови (сектори, служби и работни места - извршители), и работни процеси на друштвото кои беа опфатени во годишниот план.

Ревизиите беа извршени преку имплементација на интерната методологија усогласена со стандардите за професионална примена на внатрешната ревизија. Во текот на 2022 година реализирани се 2 (две) ревизии на работењето на друштвото.

**2.1.1. Циклус на реализација**

Основна цел на реализацијата на овој циклус како фактори битно влијаат на севкупното работење на листата во годишниот извештај на внатрешната ревизија се:

- Реализација на пописот на основни средства, ситен инвентар, попис на благајна како и
- Планот за стратешките цели во наредната година 2022 година.

Фактурирањето, финансиското книговодство и усогласувањето како важен сегмент од циклусот на реализација во истражуваниот период е пратено со иста динамика на ново формирани договори.

**2.1.2. Пресметка на плати и надоместоци од плати**

Службата за внатрешна ревизија изврши контрола врз евиденцијата за присуство на вработените во текот на месецот пред пресметката на плати.

Контролата утврди дека до сметководство се доставува извештај за редовност/спреченост во работа на вработените кој е основа за точна и адекватна пресметка на платите на вработените.

- Се користи систем за евиденција на работно време со картички за влез и излез;
- Вработените се плаќаат за одработеното време, вклучувајќи и надомест поради отсуство од боледување, празници, годишни одмори и друго;
- Службата врши усогласување помеѓу бројот на вработените и исплатените плати;

- Исплаќање на платите и придонесите од социјално и здравствено осигурување, персонален данок и други придонеси се вршеа редовно во законскиот рок .
-
- Секој месец службата за внатрешна ревизија врши контрола на ДДВ, дали истиот правилно се пресметува и уплатува. Во однос на плаќањата на ДДВ , обврските се регулираат во валутен рок.

**2.2. Развој на вработените**

**2.2.1. Вработувања/напуштања**

Во периодот од 01.01 – 31.12.2022 година работниот однос е престанат на 11лица, од кои 3 лица поради исполнување на условот за старосна пензија, 6 лица со престанок на работен однос со истек на договор и 3 лица со отказ по нивно барање 1со спогодба од работен однос и 1 лице со неоправдано изостанување од 3 полседувателни работни денови .

Во текот на 2022 година има 7 нови вработувања.

**2.3. Специјални ревизии**

Дел од предвиденото време службата за внатрешна ревизија е ангажирана во областа на специјалната ревизија која опфаќа:

- Приговори од клиенти;
- Незаконско или погрешно работење на персоналот;
- Финансиски, процедурални прашања и друго.

Во период од 01.01 – 31.12.2022 година нема појави на некои од наведените категории.

**3. Преглед на значајни ревизорски наоди**

**3.1. Преглед на значајни ревизорски наоди за оперативни ревизии**

**Опис на наодот** – оделот за кадровското работење да планира за подигање на свесноста и разбирањето на вработените за обврските кои што произлегуваат од етичкиот котекст за работењето и однесувањето.

Кога побарувањата се ненаплативи да се внимава да не дојде до нивно застарување, односно отпишување и да се обрне поголемо внимание околу наплатата.

**4. Реализација на поставените цели со годишниот план за работа на службата за внатрешна ревизија**

Со овој извештај се оценува дека поставените цели со годишниот план на службата во најголем дел се исполнети.

Службата ги спроведе планираните ревизии во друштвото во рамките на временските можности и нема поголеми отстапувања при извршување на контролите од планираните со годишниот план за работа на службата.

**5. Оцена на адекватноста и ефиканоста на системите за внатрешна контрола**

Внатрешна контрола се спроведува на сите нивоа во друштвото од страна на органите на управување, менаџментот и сите вработени.

Целта на внатрешната контрола е зголемување на ефикасноста на вкупното работење, управување на ефикасноста на управувањето, изработка на точни финансиски извештаи, усогласеност на интерните акти на друштвото со законската регулатива.

Од контролата на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола, службата за внатрешна ревизија констатира дека системите за интерна контрола се спроведуваат на одредено ниво и истите се насочени кон минимизирање на сите типови на ризици во работењето на службите на друштвото.

6. **Забелешка**

Извештајот е изработен врз основа на информациите кои ни беа обезбедени од и преку разговорите со вработените.
Постои можност поради нецелосни и неточни информации од разговорите со вработените да се појават грешки и неправилности во извештајот.

7. **Мислење**

Врз основа на извршените ревизии може да изразиме разумна сигурност дека најголем дел од контролите кои се неопходни за да ги пресретнат клучните ризици во друштвото се воспоставени и функционираат.
Идентификуваните слабости во системот на интерни контроли немаат материјално значење во однос на постигнување на целите на друштвото и се предмет на континуирани надградби и подобрувања согласно дадените препораки.
Од тие причини службата за внатрешна ревизија реално и објективно ја прикажува состојбата на друштвото и смета дека ваквиот начин на контрола ги постигнува резулатите за која што е оформен.

Во текот на изминатата година беа изготвени:

- Полугодишен извештај за работењето на службата за внатрешна ревизија за 2022 година,
- Годишен извештај за работењето на службата за внатрешна ревизија за 2022 година,
- Годишен план за работа на службата за внатрешна ревизија за 2022 година,
- Процедури за организација и работење на службата.

Годишниот извештај на службата за внатрешна ревизија се доставува до Одборот на директори.

Април, 2023 година, Скопје

**РЖ УСЛУГИ АД СКОПЈЕ**

Служба за внатрешна ревизија
Драги Шамановски
______________